Повик за ангажирање на експерт за
за реконструкција и подобрување на карактеристиките на постоечки веб страни

Датум:

| | |
|---|---|
| Проект: | „Граѓанско Архус столче за борба против корупција во животната средина“ |
| Позиција: | ИТ експерт |
| Локација: | Скопје, Р. С. Македонија – online |
| Временска рамка: | 20 дена |
| Почеток на задачата: | 05/12/2024 |

## За проектот:

Проектот „Граѓанско Архус столче за борба против корупција во животната средина“, се спроведува од страна на Здружение за одржлив развој Милиеуконтакт Македонија од Скопје во партнерство со Здружение за развој, едукација и еколошка етика – ПОЛИМАТ 13 од Богданци.

Проектот е во рамките на програмата „Граѓаните против корупцијата“ која се реализира од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со Центарот за граѓански комуникации (ЦГК), Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје (ИДСЦС), Стопанската комора на Северна Македонија (СКСМ), 360 Степени, Истражувачка репортерска лабораторија Македонија (ИРЛ) и Балканската истражувачка репортерска мрежа Македонија (БИРН). Финансирана е од Американската агенција за меѓународен развој – УСАИД/Северна Македонија.

Цел на проектот е да се намали корупцијата во животната средина преку активно учество на граѓаните во донесување на одлуки за прашања од областа на животната средина.

## Опис на работната задача:

Милиеуконтакт Македонија бара квалификуван ИТ експерт за реконструкција на 2 веб страници WordPress за подобрување на функционалноста, корисничкото искуство и визуелната привлечност на веб страните како и интегрирање на нови функции за поддршка на своите цели.

ИТ експертот ќе ги извршува следните задачи:

3.1. Реконструкција на веб-страници

- Редизајн на веб страниците за да се обезбеди, модерен, лесно пристапен кориснички интерфејс.
- Оптимизација на ја веб страниците за мобилни и десктоп платформи.
- Спроведување на најдобри практики за оптимизација за да се подобри видливоста на веб-страницата.
- Да ги прилагоди веб страниците согласно стандардите за пристапност.

3.2. Подобрување на карактеристиките на веб страниците

- Додавање на нови функционалности како што се:
- Напредни формулари за објава на табели со податоци, вклучувајќи специфични опции дефинирани од МКМ.
- Календар на настани: За следење и промовирање настани.
- Дел за блог/вести: За објавување и ажурирања и статии.
- Интеграција со платформи за социјални медиуми.
- Подобрување на безбедноста на веб-страницата и имплементација на редовни протоколи за резервна копија.
- Зголемување на брзината на вчитување преку оптимизација на слики, додатоци и код.

3.3. Тестирање и обука

- Да спроведе темелно тестирање на измените за да обезбеди максимална и беспрекорна функционалност на содржините и поставените алатки.
- Да обезбеди обука за административниот тим на веб-локацијата за управување со ажурираната веб-локација и новите функции.

## Очекувани резултати:

- Реконструирани и целосно функционални 2 веб-страни на WordPress.
- Документација на новите функции и упатства за корисникот.
- Финален извештај со детали за направените промени и надградби.

Времетраење: Се очекува задачата да трае 20 дена од датумот на потпишување на договорот.

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Надомест и исплата: Предвиден ангажман за експертот се 20 работни дена. Кандидатот треба да достави финансиска понуда за ангажманот. Исплатата ќе биде извршена во целост после одобрување на финалната верзија на Методологијата за следење и доставен краток наративен извештај со временска листа на реализирани часови/денови.

Знаења, вештини и професионално искуство:

- Докажано искуство во дизајн и развој на веб-страници во WordPress.
- Експертиза во PHP, HTML, CSS, JavaScript и SEO најдобри практики.
- Искуство во спроведување на мерки за безбедност и оптимизација.
- Силни комуникациски вештини и способност за спроведување на обука.
- Портфолио на претходни слични проекти.

Потребни документи:

- Пропратно писмо во кое ќе се образложи пристапот кон реализација на задачите и потребни податоци и алатки за работа.
- Портфолио кандидатот.
- Детален финансиски предлог.
- Најмалку 2 препораки од претходни муштерии

Пријавување:

Проектниот тим ги охрабрува сите правни лица, физички лица (консултанти и експерти) граѓански организации кои се пронаоѓаат во описот на проектната задача и ги исполнуваат барањата, да ги достават потребните документи на e-mail: aleksandra.s@mkm.mk или info@mkm.mk, најдоцна до 02.12.2024 до 17:00 часот, со назнака: ИТ експерт за реконструкција и подобрување на карактеристиките на постоечки веб страни.

Може да се поставуваат на прашања поврзани со работната задача, најдоцна до 27.11.2024 и истите ќе бидат одговорени на 28.11.2024